**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-45/4**

**Скопје, 19.05.2008 година**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО – СМЕТКА ЗА ПРИХОДИ НАПЛАТЕНИ ОД ОРГАНИ БР.1103-434/7 ОД 2007 ГОДИНА

## 1. Резиме

### 1.1. Основ за вршење на ревизијата на спроведување на препораките

Во 2007 година беше извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за здравство – Сметка за приходи наплатени од органи за 2006 година.

Цел на ревизијата на финансиските извештаи беше изразување мислење за тоа:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

### 1.2. Резиме на резултатите од ревизијата на спроведување на препораките

Во овој извештај на ОДР се презентирани резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките на Министерството за здравство – Сметка за приходи наплатени од органи. Во извештајот беа опфатени функционалните области на Финансиско известување, оценка на системот на сметководствени и финансиски контроли, користените сметководствени принципи, испитување на докази за потврдување конкретни финансиски трансакции, организациона поставеност и финансиско раководење на субјектот.

Во Конечниот извештај на ОДР Бр.1103-434/7 од 2007 година беа дадени вкупно четири препораки и сугестии. Препораките се однесуваат на преземање мерки од страна на одговорните лица во Министерството за отстранување на утврдените слабости во системот на интерни контроли и вистинито и објективно прикажување на позиции во финансискиот извештај – Биланс на состојба.

Министерството за здравство нема донесено Акционен план за имплементација на препораките по извршената ревизија за 2006 година со утврдени рокови и определени обврски по организациони делови и области, поради што со непосреден увид во спроведувањето на постапките за отстранување на утврдените слабости, ревизијата даде оценка за степенот на спроведување на препораките.

Според сумираните резултати од спроведување на препораките ревизијата оцени дека Министерството за здравство има направено задоволителен напредок во спроведување на препораките на ОДР, при што е утврден следниот статус по групи:

Спроведени препораки

- Спроведена е препораката за попис на обврските спрема добавувачите и усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба утврдена со пописот.
- Спроведена е препораката за усвојување на класификација на медицинските помагала во која истите ќе бидат групирани по сродни категории. Донесен е Правилник за надоместоците што се плакаат во постапките што се водат согласно Законот за лековите и медицинските помагала и истиот е во примена од 02.04.2008 година. Согласно овој Правилник висината на надоместокот за регистрирање на медицинските помагала е утврдена во зависност од бројот на заштитените или генеричките имиња на медицинското помагало од иста класа, листа или група на производи од ист производител и дали истите се усогласени со директивите на ЕУ.

Спроведување на препораки во тек

- Препораката во однос на воспоставување на процедури кои што ќе обезбедат плаќања во рамките на законски утврдените лимити и вршење на набавки исклучиво по претходно спроведени постапки за јавни набавки ќе биде предмет на потврдување со наредните ревизии на Министерството за здравство.
- Во тек е спроведување на препораката за обележување на основните средства со инвентарни броеви со цел да се обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба на основните средства. Основните средства се обележани со инвентарни броеви, но во времето на вршење на оваа ревизија физичкиот попис на основните средства беше се уште во тек поради што не можевме да се увериме во усогласеноста на двете состојби.

### 1.3. Препораки

Ревизијата препорачува Министерството за здравство да продолжи со иницираните активности во функција на спроведување на препораките дадени од страна на ревизијата и активностите кои се во тек целосно да бидат завршени. За таа цел е потребно изготвување на соодветен акт – акционен план или писмо за намери со утврдена временска рамка и задолжување по организациони делови и лица.

## 2. Вовед

### 2.1. Предмет на ревизијата

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1103-434/7 од 15.10.2007 на Министерството за здравство-Сметка за приходи наплатени од органи.

## 2.2. Законски основ

Ревизијата од точка 2.1. на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 23 став 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

## 2.3. Континуитет

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за спроведување на дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Министерството за здравство – Сметка за приходи наплатени од органи, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 2.4. Одговорност на раководството на субјектот и на ревизорите на ДЗР;

Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Имер Сељмани, Министер од 05.09.2006 година

Одговорност и задача на ревизорите е да извршат ревизија/проверка на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесат заклучоци врз база на прибраните докази.

## 3. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1103-434/7 од 2007 година се спроведени, како и оцена на соодветноста и влијанието на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 4. Опфат и методологија, период на вршење на ревизијата и извршители

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачка документација, спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и закони и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели, интервјуиравме одговорни лица на субјектот, извршивме процена на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор Бр.1103-434/7 од 2007 година се спроведени и соодветноста на преземените мерки.

Ревизијата од точка 2.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.01.2008 година до 8.02.2008 година во просториите на Министерството за здравство од

ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 5. Резултати од ревизијата на спроведување на препораките

5.1. Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија кој се одржа на ден 7.02.2008 година.

### 5.2. Систем на интерни контроли

#### 5.2.1. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.1.

Системот на интерни контроли на Министерството за здравство не обезбедува целосност и точност во остварувањето на приходите бидејќи не се воспоставени постапки/процедури за споредба на бројот на издадените решенија со износот на извршените уплати што ќе осигура дека сите извршени услуги се наплатени.

Инспекторите од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и од Дирекцијата за храна при издавањето на решенија за инспекциски надзор во постапки поведени по барање на странка не обезбедуваат физички доказ за извршената проверка/верификација од аспект на точноста на износот на уплатениот надоместок од страна на барателот на услугата и дали уплатата е извршена на соодветната уплатна сметка.

Исто така, во системот не постојат физички докази и за извршените проверки од страна на секретарите на Комисиите при Бирото за лекови, кои што се задолжени за прием на барањата за издавање на одобренија за ставање во промет на лекови, помошни лековити средства, медицински помагала и отрови и одобренија за исполнетост на условите по однос на просторот, опремата и кадарот за производство на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала.

Врз основа на детални ревизорски постапки утврдивме дека Комисијата за ставање во промет на медицински помагала не постапувала по Решението за утврдување на висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за ставање во промет број 15-98/1 од 9.01.2005 година донесено согласно Законот за лекови, помошни лековити средства и медицински помагала. Наместо да се наплатува надоместок за секој тип и модел односно пакување на медицинско помагало вршена е наплата единствено за основниот тип/модел /пакување на медицинско помагало. Неправилната примена на решението/законот во делот на наплатата на надоместоците резултира во драстично намалени приходи на Министерството за здравство. Воедно, тоа ги става домашните производители и увозници на медицински помагала во привилегирана положба во однос на домашните производители и увозници на лекови, на кои Комисијата им наплатувала надоместок за секоја различна дозажна форма/јачина, односно пакување.

**Препорака бр.1**

Бирото за лекови доследно да го применува Законот за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала. Со оглед дека практиката покажува тешкотии во неговата примена, поради големиот број на различни модели/типови, односно пакувања на медицински помагала, се препорачува усвојување на класификација, во која истите ќе бидат групирани во сродни категории. На тој начин, надоместокот би се наплатувал за секоја различна група (категорија) на типови/модели, односно пакувања на медицински помагала.

**Коментар на субјектот**

Подготвен е Предлог Правилник за надоместоците што се плакаат во постапките што се водат согласно Законот за лековите и медицинските помагала и истиот е во процедура на донесување.

**Тековен статус на препораката**
По завршувањето на ревизијата е донесен Правилникот за надоместоците што се плакаат во постапките што се водат согласно Законот за лековите и медицинските помагала и истиот е објавен во Сл. Весник на РМ бр. 43/01.04.2008 година со што е постапено по препораката на ревизијата. Со овој Правилник висината на надоместокот за запишување на секој поединечен производ во регистарот на медицински помагала во Република Македонија, е утврдена во зависност од бројот на заштитените или генеричките имиња на медицинското помагало од иста класа, листа или група на производи од ист производител.

**5.2.2. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.2.**

Системот на интерни контроли на Министерството за здравство не обезбедува точност и законитост при исплатата на обврските спрема добавувачите на стоки и услуги. Со детални ревизорски постапки, на трансакциите од групата Стоки и услуги селектирани со примена на статистички метод на избор на примерок, утврдивме дека системот не ги спречил следните видови неправилности:

- исплата на сметки за мобилни телефони кај кој што е пречекорено ограничувањето утврдено со Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката ;
- набавка на стоки и услуги без претходно спроведена постапка за јавна набавка;
- неприложување на документацијата за правдање на реално направените расходи во рамките на однапред утврдени лимити за набавка на гориво (верна картичка).
- ангажирање на лица со договори за авторски надоместок за чија работа е исплатуван повисок надомест од платата на редовно вработените во Министерството кои вршат исти или слични работни задачи и со ист степен на стручна подготовка .

**Препорака бр.2**
Одговорните лица во Министерството да воспостават процедури кои што ќе обезбедат плаќања во рамките на законски утврдените лимити и вршење на набавки исклучиво по претходно спроведени постапки за јавни набавки.

**Коментар на субјектот**
Изготвени се интерни акти за плаќање во рамките на законски утврдените лимити и набавки по претходно спроведени постапки за јавни набавки.

**Тековен статус на препораката бр.2**
Дадени се на увид авторски договори од кои што може да се констатира дека утврдениот надоместок не ја надминува платата на редовно вработените во Министерството со ист степен на стручна подготовка. Приложен е и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за службени и фиксни телефони од страна на вработените во Министерството од 09.01.2007 година, но постапувањето по истиот ќе се потврди со наредните ревизии на Министерството за здравство.

**5.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

**5.3.1. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 10.3.1.**
Во Министерството за здравство не е извршено усогласување на состојбата на средства искажана во сметководството и фактичката состојба утврдена со пописот.

Спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници пописните листи содржат само натурални показатели и основните средства немаат инвентарни броеви со што е отежнато усогласувањето. Исто така во Министерството финансиската и материјалната евиденција на основните средства се водат од едно исто лице кое врши и усогласување на истите . Не постојат ажурни збирни реверси (иако постојат поединечни) по видови на опрема за споредба на издадените реверси по вработени со пописните листи. Поради наведеното ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на ставката Материјални средства од Билансот на состојбата во износ од 19.519 илјади денари

**Препорака бр.1**
Раководителот на Секторот за општи работи да обезбеди обележување на основните средства со инвентарни броеви со цел олеснување на усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба и разграничување на должностите помеѓу лицата задолжени за водење на финансиското и материјалното сметководство.

**Коментар на субјектот**
Обезбедени се инвентарни броеви за обележување на основните средства и извршено е разграничување на должностите по лица за водење на финансиско и материјално сметководство.

**Тековен статус на препораката бр.1**
Извршен е увид во пописните листи и утврдено е дека основните средства се обележани со инвентарни броеви. Физичкиот попис на основните средства со состојба 31.12.2007 година беше во тек поради што не можевме да потврдиме дали е извршено усогласување на сметководствената состојба на средствата со фактичката состојба утврдена со пописот.

**5.3.2. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 10.3.2.**
Спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во Министерството за здравство, пописната комисија не извршила попис на обврските поради што ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста на ставката Добавувачи прикажана во Билансот на состојба во износ од 1.364 илјади денари. Ревизијата утврди неусогласеност на состојбата на сметководствената евиденција со прегледот на неизмирените обврски на ден 31.12.2006 година доставен до Министерството за финансии. Недоставувањето на точни податоци до Министерството за финанасии во согласност со Законот за буџетите ги оневозможува надлежните органи да вршат реално планирање и извршување на средствата од Буџетот.

**Препорака бр.2**
Раководителот на секторот за општи работи да обезбеди со годишниот попис да се опфатат и обврските спрема добавувачите и усогласување на фактичката состојба утврдена со пописот со сметководствената состојба.

**Коментар на субјектот**
Со пописот за 2007 година се опфатени обврските спрема добавувачите и извршено е усогласување на фактичката со сметководствената состојба на обврските.

**Тековен статус на препораката бр.2**
Извршен е увид во пописот од 2007 година и утврдено е дека со истиот се опфатени и обврските спрема добавувачите . Состојбата на обврските утврдена со пописот е

усогласена со сметководствената состојба на обврските.

**6. Ефекти**

Спроведувањето на препораките од страна на Министерството за здравство кое е оценето како задоволително од страна ревизијата ќе има за ефект обезбедување на поголема финансиска и сметководствена контрола на спроведување на финансиските трансакции во процесот на остварување на приходите од извршување на надлежностите на министерството и правилно одобрување на расходите во рамките на законската регулатива и интерните акти.

**7. Заклучоци**

Државниот завод за ревизија утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година.

Донесен е нормативен акт (Правилник) со кој е утврдена класификација на медицинските помагала според број, тип и модел на производите што се регистрираат за промет во Република Македонија, со што се создадени услови за надминување на проблемот околу потврдување на целосноста и точноста на приходите од надоместокот што се плака при регистрација на медицинските помагала (точка 11.2.1/1 од Прилог 1 кон овој извештај);

Превземени се мерки и активности за воспоставување процедури кои ќе обезбедат плаќања на набавките на стоки и услуги во рамките на законски утврдените лимити и извршено е усогласување на обврските спрема добавувачите со сметководствената евиденција (точка 11.2.2/2 и 11.3.2/2 од Прилог 1 кон овој извештај);

Извршено е обележување на основните средства со инвентарни броеви во функција на квалитетно и навремено извршување на физичкиот попис и негово усогласување со сметководствената состојба (точка 11.3.1/1 од Прилог 1 кон овој извештај).

Отпочнатите активности во Министерството за здравство укажуваат на прифатената одговорност на раководните лица да постапат и да ги спроведат истите. Иако имплементацијата на голем дел од препораките е во тек, превземените активности упатуваат на тоа дека се созададени предуслови за нивна примена.

**Препораки**

Министерството за здравство, треба да продолжи да ги имплементира неспроведените препораки,кои се однесуваат на:

- Воспоставување процедури кои ќе обезбедат плаќања на набавките на стоки и услуги во рамките на законски утврдените лимити и
- Усогласување на сметководствента вредност на основните средства со фактичката состојба утврдена со пописот на ден 31.12.2007 година.

**Скопје, 15.05.2008 год.** **Овластен државен ревизор**

**Прилог I**

## Статус

## на спроведување на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи на овластениот државен ревизор

**Ревизорски извештај бр.** **1103-434/7 од 15.10.2007 година**

**Субјект:** **Министерство за здравство- Сметка за приходи наплатени од органи**

| **Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот** |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **Систем на интерни контроли** | | |
| 11.2.1./1 | Бирото за лекови доследно да го применува Законот за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала. Со оглед дека практиката покажува тешкотии во неговата примена, поради големиот број на различни модели/типови, односно пакувања на медицински помагала, се препорачува усвојување на класификација, во која истите ќе бидат групирани во сродни категории. На тој начин, надоместокот би се наплатувал за секоја различна група (категорија) на типови/модели, односно пакувања на медицински помагала. | Во месец април 2008 год. донесен е Правилникот за надоместоците што се плакаат во постапките што се водат согласно Законот за лековите и медицинските помагала и истиот е објавени во Сл. Весник на РМ бр. 43/01.04.2008. Со овој Правилник висината на надоместокот за регистрирање на медицинските помагала е утврдена во зависност од бројот на заштитените или генеричките имиња на медицинското помагало од иста класа, листа или група на производи од ист производител. | Препораката на ОДР е спроведена со донесувањето на нормативен акт (Правилник). Истиот ќе почне да се имплементира од месец април 2008 година со што ќе се надминат проблемите околу потврдување на целосноста и точноста на приходите. |
| 11.2.2./2 | Одговорните лица во Министерството да воспостават процедури кои што ќе обезбедат плаќања во рамките на законски утврдените лимити | Препораката во однос на воспоставување на процедури со кои што ќе обезбедат | Постапувањето на Министерството во однос на оваа пропорака ќе биде потврдено при спроведување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | плаќања во рамките на законски утврдените лимити и вршење на набавки исклучиво по претходно спроведени постапки за јавни набавки ќе биде предмет на потврдување со наредните ревизии на Министерството | наредните ревизии на Министерството при тестирање на ставката Стоки и услуги. |
| | **Неправилности во искажување на билансните позиции** | | |
| 10.3.1./1 | Раководителот на Секторот за општи работи да обезбеди обележување на основните средства со инвентарни броеви со цел олеснување на усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба и разграничување на должностите помеѓу лицата задолжени за водење на финансиското и материјалното сметководство | Во тек е спроведување на препораката за обележување на основните средства со инвентарни броеви со цел да се обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба на основните средства.Основните средства се обележани со инвентарни броеви , но во времето на вршење на оваа ревизија физичкиот попис на основните средства беше сеуште во тек, поради што не можевме да се увериме во усогласеноста на двете состојби. | Основните средства се обележани со инвентарни броеви. Финансиската и материјалната евиденција ја водат различни лица со што се создадени предуслови за усогласување на сметководствената со фактичката состојба на основните средства. |
| 11.3.2./2 | Раководителот на секторот за општи работи да обезбеди со годишниот попис да се опфатат и обврските спрема добавувачите и усогласување на фактичката состојба утврдена со пописот со сметководствената состојба. | Спроведена е препораката за попис на обврските спрема добавувачите и усогласување на фактичката состојба по пописот со сметководствената. | Со евидентирање на обврските спрема добавувачите , Министерството обезбедило објективно прикажување на податоците во финансиските извештаи. |